SAVA OSIGURUVANJE

**НУС** – 01/2014

**Број: 3813/19 од 22.12.2014 год.**
**Датум на примена: 01.01.2015**

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Овие Дополнителни услови за колективно осигурување членови на спортски организации од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Дополнителни услови),се составен дел на договорот за осигурување членови на спортски организации од последици на несреќен случај (незгода) што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Сава осигурување а.д. Скопје (во понатамошниот текст: осигурувач).

(2) Договорувач на осигурувањето може да биде правно лице кое има интерес да ги осигура своите членови спортисти.

(3) Со овие Дополнителни услови се регулираат односите помеѓу договорувачот на осигурувањето и осигурувачот по договорените облици на осигурување за во случај на:

-смрт од последици на несреќен случај;

-траен губиток на општата работна способност (инвалидитет) од последици на несреќен случај;

-преодна неспособност за работа (дневен надомест), и

-за влошено здравје што бара лекарска помош (трошоци за лекување).

## СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 2**

(1) Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови се осигурани без оглед на годините на старост, здравствената состојба и општата работна способност, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 10 став 1 точка 4 од Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода), освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

## НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

(1) Договорот за колективно осигурување може да се склучи со назначување или без назначување на имињата и презимињата на осигурениците.

(2) Ако е договорено колективно осигурување со назначување имиња и презимиња на осигурениците, осигурени се само оние членови на определената спортска организација, кои во полисата или во списокот приложен кон полисата поименично се наведени. Договорувачот е должен при склучувањето на договорот за осигурувањето да му предаде на осигурувачот поименичен список на членовите определени за осигурување. Секоја промена во бројната состојба на осигурените членови во списокот се спроведува со издавање нова полиса.

(3) Ако е договорено колективно осигурување без назначување имиња и презимиња на осигурениците, со осигурување се опфатени сите лица кои во службените евиденции се водат како активни членови на спортската организација наведена во полисата.

## ПОЧЕТОК И ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 4**

(1) Во случај кога е договорено колективно осигурување со назначување на имиња и презимиња на осигурениците, осигурувањето на новопријавените членови започнува во 24,00 часот на оној ден кога осигурувачот ја примил пријавата, а за одјавените членови осигурувањето престанува во 24,00 часот на оној ден што е означен во одјавата како ден на престанок на осигурувањето.

(2) Во случај кога е договорено колективно осигурување без назначување на имиња и презимиња на осигурениците, за секој новодојден член осигурувањето започнува без претходна пријава во 24.00 часот оној ден кога стапил во членство а осигурувањето престанува за секој член во 24,00 часот оној ден кога престанало неговото членство во одредена спортска организација.

.

## ОБЕМ НА ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 5**

(1) Кога ќе настане несреќен случај, во смисла на овие Дополнителни услови, осигурувачот ги исплатува осигурените суми кои се договорени во договорот за осигурување.

(2) Осигурувачот е во обврска, ако несреќниот случај настане:

1) При спортска дејност на осигуреникот во онаа гранка на спортот, што изрично е наведена во полисата, како и во сите други гранки на спортот, кои според утврдениот распоред на спортовите во тарифата на премии спаѓаат во иста или пониска (помалку опасна) класа на опасност од спортот што е наведен во полисата;
2) За време додека осигуреникот се наоѓа на директен (непрекинат) пат, надвор од седиштето на спортската организација чиј е член, и тоа од куќата до определеното вежбалиште или местото определено за натпреварување и при враќањето дома;
3) При вршење определени должности по налог на управата на спортското друштво и тоа: учество на спортски состаноци, конференции, набавка на спортски реквизити и сл., како и за време додека се наоѓа на пат во врска со вршење на овие работи.

(3) Ако несреќниот случај настане при спортска дејност на осигуреникот во онаа гранка на спортот, што изрично не е наведена во полисата, а која спаѓа според утврдениот распоред на спортовите во Тарифата на премии во потешка класа на опасност (повеќе опасна) од спортот што е наведен во полисата, осигурувачот е во обврска да ја исплати осигурената сума само во оној обем што му одговара на односот помеѓу платената премија и премијата што би требало да се плати за соодветната класа на опасност.

(4) Ако настапи смрт на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот е во обврска да ја исплати за трошоци за погреб договорената осигурена сума за случај на смрт, но најмногу износот кој како максимален е утврден со Одлука на Одборот на директори на осигурувачот.

## НАЧИН И РОКОВИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

**Член 6**

(1) Пресметувањето на премијата се врши во роковите наведени во полисата за осигурување според фактичкиот број на осигурениците.

(2) Во случај кога е договорено колективно осигурување со назначување на имиња и презимиња на осигурениците, премијата за осигурување се пресметува според бројот на осигурениците означен во списокот приложен кон полисата, и се плаќа однапред

за целото времетраење на осигурувањето, освен ако не е поинаку договорено.
(3) Во случај кога е договорено колективно осигурување без назначување на имиња и презимиња на осигурениците, премијата за осигурување се пресметува според бројот на членови наведен во полисата, и се плаќа однапред за целото времетраење на осигурувањето, освен ако не е поинаку договорено.
(4) Ако договорувачот на осигурувањето не ја плати стасаната премија во договорениот рок, за осигурен случај настанат по стасувањето на премијата за плаќање, осигурувачот е во обврска спрема осигуреникот односно корисникот само за дел од осигурената сума сразмерно на платената премија за осигурување, односно само за толку 1/12 (дванаесеттини) од осигурената сума за колку што е платена премија за осигурување. По наплатата на стасаната премија за осигурување за осигурителната година во која настанал осигурениот случај, осигурувачот е во обврска спрема осигуреникот, односно корисникот, да го доплати неисплатениот дел од осигурената сума.
(5) Ако е договорено осигурување со пресметување на премијата на крајот на годината на траењето на осигурувањето, конечната пресметка на премијата се врши според просечниот број на крајната состојба на осигурениците по месеци. Договорувачот е должен во рок од 30 дена по истекот на годината на осигурувањето, да му достави на осигурувачот точни и целосни податоци за бројната состојба на сите работници на крајот на секој месец од изминатата година на осигурувањето. Просечната бројна состојба во текот на една осигурителна година се утврдува на тој начин што ќе се собере бројната состојба на работниците на крајот на секој месец од осигурителната година, за која се врши пресметување на премијата, па добиениот збир ќе се подели со 12. Ако притоа се утврди, дека просечниот број на работниците е поголем од бројот што е наведен во полисата, договорувачот е должен да ја плати разликата на премијата. Доколку тој број е помал, осигурувачот е должен да ја исплати разликата на премијата на договорувачот.
(6) Договорувачот е должен на осигурувачот да му ја даде на увид евиденцијата и документацијата од која ќе може да се утврди бројната состојба на работниците, како и висината на пресметаната и уплатена премија.

**ДНЕВЕН НАДОМЕСТ**
**Член 7**

(1) Ако е договорено осигурување и за случај на преодна неспособност за работа, осигуреникот, кој поради несреќен случај не е способен за работа, добива дневен надоместок во договорената висина, и тоа почнувајќи од првиот ден за кој му следува, односно од денот на започнатото лекување до последниот ден на траење на работната неспособност, но најмногу 200 дена. При тоа се зема во предвид само времето за кое осигуреникот бил неспособен за обавување на работите од редовното занимање, а не и времето за кое бил неспособен за вршење на спортски дејности.

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ**
**Член 8**

(1) На осигурувањата склучени по овие Дополнителни услови се применуваат и Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со овие Дополнителни услови.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**Член 9**

(1) Овие Дополнителни Услови влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат од 01.01.2015 година, со што престануваат да важат Дополнителните услови за осигурување членови на спортски организации од последици на несреќен случај (незгода) донесени од страна на Одборот на директори од 24.12.1993 година.

***САВА осигурување, а.д. Скопје***
***Одбор на директори***
***Претседател***
***Рок Мољк***